**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 22-05-2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 2552 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно друштво РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес

3. **Датум на извршување на надзорот:** 21 мај 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   **Образложение:** Од увидот во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес во 2017 година не можеше да се констатира дали радиостаницата ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Поради тоа, на 08.05.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2323/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи од коишто ќе може да се утврди дека ги исполнува минималните кадровски услови.

   На 17.05.2018 година, ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес достави до Агенцијата нотарски заверена копија од Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за едно лице и два договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и две физички лица. Од доставената документација е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно три лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***